МQS Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа
Enti publik qendrandërkomunale për punë sociale e qytetit
Бр.-Nr. 0401-4102/1
23.07.2025 год.-vit/e.
Куманово - Kumanovë

- ЈАВНА УСТАНОВА МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КУМАНОВО -
Име на сектор

Врз основа член 10 и член 45 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Р Македонија" бр.27/14, бр.199/14, бр.48/15, бр.154/15, бр.5/16, бр.142/16, бр. 11/18 и "Службен весник на РС Македонија", бр.275/19, бр.14/20, бр.215/21, бр.99/22 и бр.208/24) и доставената Конечна ранг листа на кандидати во сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас бр. 10-905/13 од 25.07.2025 година, а во врска со објавениот Јавен оглас за вработување број 423/2025 објавен на ден 05.06.2025 година, ВД Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово донесе:

# О Д Л У К А

## за избор на кандидат за вработување по пат на Јавен оглас

За работно место C030102B04007 – Помлад соработник за човечки ресурси - Стручен административен службеник од четврто ниво, во Оддел за административни и помошно-технички работи, Дел за административни работи и управување со човечки ресурси по јавен оглас број 423/2025 објавен на ден 05.06.2025 година се избира кандидатката **Нестрине Абази (идентификациски код 7732458)** .

Со именуваната ќе се заснова работен однос по конечноста на оваа одлука.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 05.06.2025 година во дневните весници: Слободен Печат, Нова Македонија, Лајм и на веб страницата на Агенцијата за администрација е објавен Јавен оглас број 423/2025 за вработување на 1 ( еден) – извршител на работното место C030102B04007 – Помлад соработник за човечки ресурси - Стручен административен службеник од четврто ниво, во Оддел за административни и помошно-технички работи, Дел за административни работи и управување со човечки ресурси во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово.

Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, спроведе административна селекција за административен службеник со проверка на веродостојноста на доказите; На ден 23.07.2025 година од истата комисија е спроведен испит за административен службеник и на ден 25.07.2025 година комисијата за селекција спроведе и изврши проверка на веродостојноста на доказите и интервју за административен службеник. За трите фази на селекција комисијата за селекција состави записник од административната селекција за административен службеник бр. 10-905/9 од 27.06.2025 година.

Врз основа на доставената конечна ранг листа на кандидати во сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати Бр. 10-905/13 од 25.07.2025 година, ВД Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Куманово изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на одлуката на Веб страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.

ЈУМ Центар за социјална работа Куманово
ВД Директор
Erdi Mehemti

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа
Enti publik qendrandërkomunale për punë sociale e qytetit
Куманово - Kumanovë

**Доставено до** :
-избраниот кандидат
-Агенција за администрација


Јавна установа меѓуопштински центар за социјална работа Куманово
Ул„ Тодор Велков бр. 4 Куманово
Република Северна Македонија
+389 31438 160
www.jumcsrkumanovo.com.mk
e-mail:jumcsrKumanovo@mtsp.gov.mk